Република Северна Македонија
ЗАТВОР СТРУМИЦА
Бр. 04-1727/1
18.12. 2025 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/20, 215/21,99/22, 208/24 и 210/24), Директорот на Затвор Струмица на ден 18.12.2025 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по Интерниот оглас број 01/2025 за унапредување на административен службеник

1.По интерниот оглас 01/2025 за унапредување на административниот службеник во Затвор Струмица објавен на 28.11.2025 година на веб-страницата на Управата за извршување на санкциите и на веб-страницата на Агенцијата за администрација за работното место **Виш соработник за едукација и практична обука на осудени лица во Одделение за третман,Сектор за ресоцијализација при Затвор Струмица со звање Виш соработник шифра УПР 01 01 В02 000** се избира кандидатот АЛЕКСАНДАР ИВАНОВ.
2.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 на оваа одлука,по конечноста на истата, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 28.11.2025 година на веб-страницата на Управата за извршување на санкциите и на веб-страницата на Агенцијата за администрација објавен е Интерен оглас број 01/2025 за унапредување на административен службеник за работното место Виш соработник за едукација и практична обука на осудени лица во Одделение за третман,Сектор за ресоцијализација.

Со Решение Бр.04-1705/1 од 17.12.2025 година формирана е комисија за селекција за унапредување на административен службеник.Комисијата за селекција за унапредување на админстативен службеник спроведе административна селекција и состави записник од извршена административна селекција за интерен оглас Бр.04-1713/1 од 17.12.2025 година.

Комисијата за селекција за унапредување на админстативен службеник На ден 17.12.2025 година во 13:00 часот спроведе и изврши интервју за унапредување на администртивен службен и за истото состави записник Бр.04-1714/1 од 17.12.2025 година.

Врз основа на доставената финална ранг листа и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат, Директорот на Затвор Струмица изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истата.

Доставено до:
-Кандидатот,
-архива
-Одделение за општи и правни работи

ДИРЕКТОР
на Затвор Струмица
Зоран Ристов